Јовица Тасевски - Етернијан

# Н Е Б Е С Н И   С Т Р А Ж И

***Обиди за вертикала***

# ПРОБЛЕСНУВА

*На почетокот беше Зборот*
*и Зборот беше во Бога*
*и Бог беше Зборот*

***Свето евангелие според Јован***

Наспроти заблудите, наспроти блудните
наметнат со небесен панцир
проблеснува

Јазлите
што без престан ги раѓа
од височините се подаваат,

а гнилите
својот одраз го љубат
Еве

гневен посег
пречистиот да го струполат
Острвени! Никогаш

не ќе падне
кај жедните нокти
на дивите сенки ...

# ОБИДИ ЗА ВЕРТИКАЛА

Врз мртвото ридје
крилјата ги спушти
ангел

А длапките
низ мразниот голет
врз кротките обиди
за вертикала
како бесна глутница
се нафрлија

Дури сенката
од трошните замавнувања
со блескаво зло
низ зборовите се ширеше

## ΕΝΓΡΑΜΜΑ*

Кога мрачен мраз
падна врз памучните полиња
на Адонај**

Ε ν γ ρ α μ μ α

Херувими се спровираа
низ иликите на Црното Тесто
Ниту леките крилја не ја срониja

Ε ν γ ρ α μ μ α

Од Благите Зеници се задава
бистра магма Каменото лице
не го разложува

Ε ν γ ρ α μ μ α

Небесни стада ќе минат врз нејзината лушпа
со своите тешки копита
Ќе се заниша ли темната оска

Ε ν γ ρ α μ μ α

---

* Ενγραμμα (грч.) - засек; трајна промена на супстанцата
** Адонај (хебр.) - Господ, мојот Господар; дозволено обраќање на старите Хебреи кон Бог

## БЕЗДНАТА НЀ ПРЕГРНУВА

Во мозочните бразди
легнат, боледува до срж
и ´ржи чудниот загар

на љубопитноста, кутрото
кутре! Тешки петна
по неговите шепи се лепат ...

Паѓаме, без престан паѓаме

и збеснати раѓаме оси,

а кристалната дама,
ете, си оди!

## НОКТУРНО

Се искрева раката
Искри над темната долина
во која беснеат векови

Ја погалува месечината
и понира во височините

*Чија ли е? Чија ли е?*

Одненадеж се распаѓа
како огнена глуварка

Во срцето на долината
без престан никнуваат
други!

## БЕЛУТРАК ДЕЛАЈ
*- хедонистичка перспектива -*

Плитки водје,
млаки, низ строшени лаки
вијат за небеса
танец

туку Смирение Јасно
дарбите сладострасни
с´ двиг свој
ги приграбува низ благост

дур прагот го минува Амброзија.

В едно, сето пругорно
е с´ нејните стапки.
Та така
белутрак се дела!

## ПРОЅИРНА ГРАДИНА

Крошната од мошти
се отвора:
кој со товари
рев за блиските (и ним,
и натаму ...) се храбрел
- се бранел?!

А, пак, си бранел
сладок вел да го прекрие!

Нека сврти зар
и кон проѕирна градина
млаката и солена
река             Штом тргне,

ветки обгрнати со овошје
ќе му ги погалат
дланките.

## ХИМНА НА МЕМОРИЈАТА

Просторот што се шири
и собира, ликот
што се гради
и урива,
времето што мрачи

- етерот, закрила
смерна -

треперлива рака на редот:
под налетот на вознесот-вечноста
страв никне
во пепелта врз линиите
во пепелта што запретува

Кон проѕирност се стреми!

Зборовите се згуснуваат
зад зениците се создава
молитвена вселена

се ретчи исчезнението-трошноста
румен лист не држи сенка
сета Карпа се вее
се разлева
и над божилак и над кошмар
во местото дробно
сé си пладнува:
се лизгаат точките,
се вовираат во Едното

Таа бдее

Заборавот потајум
стрвно ја загледува

## ТРЕВА ВРЗ СВЕТЛИОТ ГРОБ

*- епитаф -*

сонот ја положи својата лесна рака
врз жешкото чело
подземајќи го в прозрачна гора

сеејќи ја дрочната мака
на горкото тело
низ земјената мора

## АЛИЛУЈА

*... и оние кои мируваа во земјата*
*под сенката на смртта,*
*ги облеа светлина*

***Свето евангелие според Матеј (4: 16)***

Во темни сфери
свилено се ниша
нашата утеха:

прозрачниот наплив
пробива кротко
во трошните коски,

срржта ни ја разложува
Наложува смисла

и гробницата пламнува:

смртта исчезнува,
слог по слог
се преселуваме в небеса

Алилуја!

## *Откривање на постапката*

# ПЕЈЗАЖ *

Љубоморното сонце се ведне кон (езерото
кое, патем кажано, е) проѕирниот роб
на сладострасните планини,
(посакувајќи да го испие)
се засркнува,
се струполува
и ете ја
ноќта која се расфрла
со снег: паѓа ли, паѓа во мене
(толку упорно, што ми се чини
дека сака) да ме зарази
со црна фригидност
засекогаш

---

* Преку оваа песна читателот може да согледа како авторот врши лирска редукција на јазичниот материјал, на следниов начин: прочитајте го текстот прво целокупно, вклучувајќи ги и оние делови кои се ставени во загради, а потоа прочитајте го без исказните фрагменти во заградите. Дали забележувате дека при второто читање стиховите се позбиени, со понепосредна интеракција меѓу поимите, кои притоа стапуваат во необични односи и овозможуваат различни асоцијации? Всушност, преку редуцираното читање на текстот се доаѓа до конечната, естетски прочистена форма на песната.

***К о б а***

## СВОД. ДВИЖЕЊЕ

Скаменетиот блесок,
нашиот расеан брат
залегнат во далечините

Се оттргна од преградката
на девицата
завиена во црнина

И како јато се устреми
низ тешките
и лепливи мрежи

Кон градината
каде вечно се менуваат
јагнето, водата и ѕверот

## КАЈ ОЛОВНИ И ЗЛАТНИ ПАТИШТА СЕ СРЕЌАВААТ

Врзоп лепливо-трнлив
ги прекршува вездан јасниниte,
за да положи
пресна коба до стапките;

Витлишта во времето
грозоморно шеголики
страв плодат ... туку
Хтонски хорови
да не се воспеат шилесто
па врвицата (каква-таква) да не ја
рас-па-ра-ат и
рас-па-тат!

Во шарената темнина на Хипнос
(кај оловни и златни
патишта се среќаваат)
се засо(л)нува
- сол храбро барајќи таму
што би да растура
горчини
и
студ

## АВТОПОРТРЕТ

Небо врие в ребра тенки,
а солени сенки
паднати в калишта лепливи
морно се вијат
дур пеперутки-воини
в топли лушпи се кријат

с´ жежок Ужас, копнежливо
пругоре зрачејќи

## ДА НЕ ИСЧЕЗНЕ ...

Празнината ја раскинува
млечна драма што се згуснува
во јадра Алфа:
ја ниша виделината
и блуткавата падина
со восторг ја исполнува

Пронижан со благи морници:
ниту за миг не ќе ги спуштам
црните покривки
врз прозорците
што ја вабат светлината
да ги зарива лесните прсти
во глинава

Да не ми исчезне
таа што чудесно ме храни
со прекрасие!

## ТВОЕТО СМРТОЗРАЧЈЕ
## ШТО ГО ЉУБАМ

Мрачно бледило кое болскоти
ѕирка низ румени жуборења
од диви љубоскоци

И ги гали
гранките што се подаваат
за Поклонение ...

Вулканите се излеваат
и исчезнуваат,
а во нас оставаат:

И загатки и кристали
и огнено лисје
што трепери.

## ПРЕОБРАЖЕНИЕ

Во мојата врела глава
низ ушите влегуваат лебарки
и мозокот ми го гризат

О, Небеса! Низ морниве пластови
грст од кристали посејте

Од нејната дрочна става
низ темнината се гласат фанфари
и рој од нежности

нижат

## НИЗ БЛУТКАВИ ТАЛОЗИ

Во замаглената соба
ветер влегува
и без коба
пердувите со сјајно лице
ги подигнува

Оти
гуштерите со тешки очи
можеле сал да ги лижат
неговите проѕирни траги

Кога жешки возови
минувале
преку клучната коска
на вселената
што се распаѓа
саноќ

## НАРЦИСИ

Ветерот нека дреме
да не нé однесе повторно
на друга страна,
та широчините
да ни се наметнуваат
и гордо
        и безначајно:
        нашите порти
со триста катанци
се заклучени

Сé си е исто
како што отсекогаш било,
само трагите ги потураме
со пепел:
да не нé вознемирува
ниту една длабочина ...

Оставете нé сами!

## ХАЗАРД

Линии од бес
околу лудо око
како жешки литании
треперат:
штом ме опколија
глутници што си играат
со мрачни коцки - ! - спокојно
ја бакнував смртта која лазеше
по моите зеници
              : вријат
како тешки ридања
врз кристалниот меч
ридови од гнеВ

## МЕЃА

Лекум се гледа ---------------------------------------- Е
Слетувањето на смртта ----------------------------
Врз екранот ------------------------------------------ Р
Везден се таложи ------------------------------------
Есенски прав ------------------------------------------ О
-------------------------------------------------------------
Стаклото се крши: Портите се отворени ------- Г
-------------------------------------------------------------
Звуците на кревката меѓа ------------------------- У
Плетат блага прелест ------------------------------
Спокоен пречек -------------------------------------- Р
Се ближи светата закрила ------------------------
Како вишна прозрачност --------------------------- П

## ДОЖДОВИТЕ НЕ ПРИСТИГНАА

Окото озгора што сее молк:
Болни никулци се прелеваат преку Сводот
низ широката Ноќ ...

Крвав прозорец се вие в длапки гнили

дур черепи мрачни
жедни за звуци од лири
го пијат сокот што в мугрите некогашни
вишум бликаше

Вжештени сабји ја урнале Раката:
Модри сонца ги кријат с´ вел
од крилјата проѕирни
љубоскоците
бескрајни

да не би
да исчезне
Тежината-Стрвна
скраја!

## ТЕМЕН

Црни ангели
низ темелите на Крепоста
ријат

(зелената скала
низ пустини талка)

Светлото теме се превира
Стрвен гавран сее врз него
воздух темен

(гнилите кошници
со солени очи се полнат)

Огнено ридје се придвижува
Мразниот плашт исчезнува
и влегуваме во Рамнотежа

# МОНОЛОГ НА ДЕДАЛ

Возлетот што во нас е внедрен
кон сонцето нé завлекува
И камшик тој е И пастуви бујни
Ако нездржано му се препуштиме
Ете, синот љубен (тежок црвец,
кога ли ведро беше, срцево везден го гризе)
во морските темнини легна
изгорен од болскотот вишен
Жртви мора сепак да има Но какви
Затоа уздите држете ги цврсто
слегувајќи од кочијата онаму
кај место стамено ќе ви се види
Да издигнете од мермер
лавиринт красен
И секој што ќе влезе
во тоа јадро здание
излез да не посака веќе
Дур во душата своја не го прими цело
Сејте низ ширнава земја
од себе деланки мноштво
Низ простори плодни
и времиња скудни
да никнете

# АГАМЕМНОН ГО КРЕВА МЕЧОТ

Ветер го гали листот румен
низ пластови тешки
што си поигрува жешко
со редот Црно платно
лежи врз зениците гладни
Раката кршлива се здала
да чини другому
што не сака врз неа да висне
Мечот проблеснува мрачно
и при себе гони
редици слепи
што в пустина се престораат
Спровирајќи се низ јазолот ситен
на скрбното писание
гнилежот бабри Прстенот ´рѓосува
и ко прангија стежнува
Дур не се издигне до небото

нишката огнена
Плотта ронлива да се фрли
И маската матна
да падне

## КОРИФЕЈ

Затегнати се едрата!
Мислите пловат: повеј од крило
кон раб го гони Коработ

Се задаваат од сулфурниот честак
канџите на грабливата сенка
прудолу да го сведнат:

*Секој знак се враќа во празнината, станува лажна следа*
*која зборува за едно минато што можеби и не постоело: бледа*
*слика на некоја смисла што веќе ја нема**

и низ гредите
се зачнуваат млаки гнезда
од кои црви се ведат

Од катот на светлината
низ оловната мрежа мине
дланка подавајќи обелиск од мермер:

*Оној во зборовите што не греши*
*човек е за вечноста*
*достоен***

и гнилите петна на Коработ
зацелуваат како бујни ветки
низ модрината!

---

* парафраза на стихови од Влада Урошевиќ (***Атлантида, остатоци***)
** парафраза на стих од ***Послание*** на Светиот апостол Јаков (3:2)

# ПОРТА

*- миттологема -*

Недопирлива; лебеди
околу чудесната призма
пируваат

Зраците се преплетуваат
со нашата срцевина
и лебдиме

Спроти, на црниот рид
проѕирен ред
се валка

Кнезот на мракот
над гнилиот плен
се ведне

Во синкав пламен
се урива,
ѕемне!

## ***Црни ѕидови***

## ГОЗБА

Темничиште лудо темничиште незаситно
ја фрла црната котва во студеното море
низ морничавиот мир се шири
како безграничен татнеж
ги урива мермерните столбови
облиците ги гризе
паѓаат царствата неми
облаците ги раскинува
кон Исток граби
го разграбува безобѕирно
ѕвезденото млеко
и сé е невратка
темничиште незаситно
темничиште грдо
темничиште лудо
темничиште непрегледно
недогледно

## НЕНАДЕЈНО

Од планините слегуваат
горки редици,
се трупаат врз клепките
и раката паѓа
во прав

Што ли ги наразi
со тешка намера
или бесцелно надојде
овој чуден згон
та патем го урниса

зда
        ни
              е
....... т ....... о .......

што ја озрачуваше
бескрајната рамнина ...

## НАПУШТЕН ГРАД

Изградивме небесен остров
спроти заканите на темнината
да не́ заплисне,
поставивме крепост
пред долгите далги
стрвно што не́ прогонуваа
да не́ вовлечат во горката струја,
издигнавме град
над отровното дно
на Ништожноста

И кога чудна светлина
долниот свет го облеа,
а темнината отстапи
како понижена,
дури тогаш запусте градот:
заслепени се загнавме
по зраците што не́ залажуваа,
та тврдокорната повтор се возгордеа
и ја разгради нашата крепост ...

Во небесните зборови на поетите
понекогаш градот
проблеснува!

## ТЕШКА И ПУСТА ТЕМНИНА КАЈ БЕШЕ БЕЛИОТ ДРОБ

Да! Да!
(тешка и пуста
темнина нека си прилегне
од едната страна) Секако!
(корењата нека ги распушти
горчината
густа
канејќи го в зандана
воздухот) Без задршка!
(напливите на потта
нека си ги збере во чаши
сочинети од земјата

што
сум
и буричкајќи во нив
со пелинот што го носи
нека ме мироса) Одеднаш
и
целосно!
(нека ја заклучи портата
со оловни синџири
лесно
вметнувајќи ми во плотта
празен тег што урнисува
довека)

## ОВАА ВСЕЛЕНА

Крвава плунка се лепи
по оградата на денот

вретеното на ноќните далги
се извива по крстот
здаден
кон

проѕирната срцевина
на Ракописот.

## ВСУШНОСТ

Тешки зборови
слетуваат врз трошните плеќи,
се таложат без престан

Лесно се престораат
во златен самар
Вовед се во небесни места:

Штом темната острица
мине низ оваа насушност,
лудиот пелин ќе згине

Ќе згние
спроти крилјата

далдисани кон почетокот

## ГРУТКА. КЛУЧ

**I.**

Прстот пронижан
со темна хоризонтала
се прекрива со солени лушпи
од ближни черепи
или дални скелети
влечејќи ги: се врти
меѓу ѕидови црни.
Со тешки звуци
и трња преполни злости
го полнат немерено
пехарот златен
на Благиот што пости
и закани остри
вметнуваат во проѕирната крошна.
*Научи нé да се грижиме и да не се грижиме,*
*научи нé да седиме мадро**
: минералите разлистуваат!
И поаѓа...

**II.**

Се ближи Христос
штом раските мрачни се требат
и на линиите матни, извиени
Брашното Небесно прогонство им ваби
Внатре се збиднува мена:
јагленот се усвитува
и свиден пламен раздава
по згрченото крвје
што бесконечно се развева
*Во густежот смарагден блесна*
*Патека!*** : духот
со зора восплотен
од стапките воздиг крои
и вдахновение
рои

---

* стихови од Томас Стернс Елиот (***Чиста среда***)

** стихови од Ана Ахматова (***Летен сонет***)

## EJ, ГОСПОДИНЕ САДУКЕЈ!*

Оној што безмерно се распростира
во бели бранови
околу трошните столбови

Оној што безобѕирно ги ниша
гранките на црното дрво
вкоренето во вжештениот кратер

Оној што безгрешно се спровира
низ ´рѓосаните мрежи
на погледите

- го нема?!

---

* садукеј - старохебрејски теолог
кој порекнувал дека постојат ангели
и дека душата е бесмртна

## ВОЗНЕСЕНИЕ

Огнените крилја
што ниту праг имаат
ниту залез

Галежно навраќаат
врз нашите бледи образи

Требејќи го вжежено
мразот што прилегнал
во тенките жили

Безобѕирно и со сочни потези
ги гонат трагите на шеметот

Искревајќи го кон небесата
горкиот и стежнат
густеж

***П р и л о г***

| | |
|---|---|
| НАДНАСЛОВ | При археолошко истражување<br>на разурнатиот храм |
| НАСЛОВ | ОТКРИЕН ПЕРГАМЕНТ<br>СО ПОСЛЕДНОТО ВИДЕНИЕ<br>НА ПРОРОКОТ АВАКУМ |
| ПОДНАСЛОВ | Со извршените анализи било утврдено<br>дека се работи за автентичен запис<br>од крајот на VII-от век пр.н.е. |
| ЗАБЕЛЕШКА | Во рамките на статијата како прилог<br>ќе биде објавен препев на видението<br>на пророкот Авакум |
| ПРИЛОГ | *Бршлен ги обвива сребрениците,*<br>*си поигрува со кадилниците, ги гали гробниците*<br><br>*А црвливи скали*<br>*во проѕирните предели се заривааат*<br><br>*И од темните гради*<br>*жешки траги навираат*<br><br>*Дури слатка смола*<br>*врз очите се пласти*<br><br>*Зошто ли исчезнаа небесните стражи?*<br>*Се срони лицето на Бог!*<br><br>(препев на македонски јазик: Ј. Т. Етернијан) |